# ИЗДАВАЊЕ ДУПЛИКАТ УВЕРЕНИЕ ЗА СТРУЧЕН ИСПИТ НА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Дупликат уверение за положен стручен испит на наставници или стручни соработници се издава кога оригиналното уверение за положен стручен испит е изгубено.

За да се добие дупликат уверение за положен стручен испит на наставници или стручни соработници, лицето кое се стекнало со уверението треба да ги преземе следните дејствија.

1. Да го огласи изгубеното Уверение за неважечко во Службен весник на Република Северна Македонија и
2. Да поднесе барање за издавање дупликат уверение до архивата на Државниот испитен центар, а кон истото да приложи:
   - доказ дека изгубеното уверение е огласено во Службен весник на РСМ и
   - уплатница на износ од 750,00 денари на име „издавање дупликат уверение за положен стручен испит на наставници и стручни соработници “, при што во уплатницата треба да се внесат следниве податоци:

**Назив на примачот:** Трезорска сметка

**Банка на примачот:** НБРМ

**Сметка на примачот:** 100000000063095

**Износ:** 750,00 денари

**Сметка на буџетскиот корисник:** 1600261506 787 16

**Приходна шифра и програма:** 723013 30

Дупликат уверението за стручен испит на наставници или стручни соработници се издава во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

***ЗАБЕЛЕШКА:*** За изгубените уверенија за положен стручен испит на наставници или стручни соработници кои не се издадени од страна на Државниот испитен центар потребно е да се обратите до институцијата што го издала Уверението, односно до Министерството за образование и наука.

**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**